**Закон за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/06)**
**Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.150/10)**
**Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.75/2007 од 13.02.2008 година („Службен весник на РМ“ бр.27/08)**
**Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.231/2008 од 16.09.2009 година („Службен весник на РМ“ бр.117/09)**
**Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.51/2010 од 15.12.2010 година („Службен весник на РМ“ бр.171/10)**

# З А К О Н
# ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ

**(пречистен текст)**

Член 1

Заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, судот, во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите на тие органи донесени во прекршочна постапка.

Член 2

Во управен спор се одлучува за законитоста на поединечните акти донесени во изборната постапка и на поединечните акти за избори, именувања и разрешувања на носители на јавни функции, ако тоа е определено со закон, како и за актите за именување, назначување и разрешување на раководни државни службеници, ако поинаку не е определено со закон.

Во случаите од ставот 1 на овој член кога се работи за спорови од изборната постапка ќе се применуваат одредбите од Изборниот законик.

Во управен спор се одлучува за законитоста на актите на државните органи, Владата и на носителите на јавни овластувања, донесени во форма на пропис ако тие ги уредуваат поединечните односи.

Во управен спор се решава и одлучува за спор што ќе произлезе од спроведувањето и извршувањето на одредбите на концесиските договори, договорите за јавни набавки кои се од јавен интерес и за секој договор во кој една од страните е државен орган, организација со јавни овластувања, јавно претпријатие, општините и градот Скопје склучен од јавен интерес или заради вршење јавна служба (во натамошниот текст: управни договори).

Во управен спор се одлучува и против поединечни акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен против таквиот акт, не е обезбедена друга правна заштита.

Во управен спор судот одлучува за судир на надлежностите меѓу органите на Републиката, општините и градот Скопје, меѓу општините и градот Скопје и по споровите настанати за судир на надлежностите меѓу општините и градот Скопје и

носителите на јавните овластувања, ако тоа е предвидено со закон, доколку со Уставот или законите не е предвидена поинаква судска заштита.

Кога во управен спор се оспоруваат актите од овој член, во постапката се применуваат одредбите од овој закон, ако со друг закон поинаку не е предвидено.

Член 3

Право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.

Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка.

Кога орган на општините и градот Скопје, или на организација решава во прв степен во управна работа од изворна и делегирана надлежност, а по жалбата против таквиот акт решавал надлежен орган определен со закон, управен спор против второстепениот акт може да поведе и општината и градот Скопје, односно организацијата чијшто орган решавал во прв степен, ако смета дека со второстепениот акт е повредено правото на локалната самоуправа, односно правото на управување.

Управен спор може да поведе Државниот правобранител на Република Македонија, кога со управен акт или со управен договор се повредени законот или јавниот интерес, односно органот што го застапува што ја застапува според закон.

Тужител во управен спор може да биде и синдикалната организација ако оцени дека на нејзин член со управниот акт му е повредено правото или непосреден интерес заснован врз закон.

Кога на поединец кој е член во некое здружение кое според своите правила има задача да штити определени права и интереси на своите членови, а со управен акт му е повредено некое право или интерес, здружението може, во согласност со членот и од негово име, да поднесе тужба и да води управен спор против таков управен акт.

Здружението од ставот 6 на овој член, може во секој стадиум на постапката, со права на спореден замешувач, да стапи во веќе поведениот спор на страната на тој поединец и во негова корист да ги преземе сите дејствија и да ги употребува сите правни средства, доколку тоа не е во спротивност со изјавите и постапките на самата странка.

Член 4

Управните спорови во Република Македонија ги решаваат:

- Управниот суд, како првостепен суд
- Управниот суд, како првостепен суд;
- Врховниот суд на Република Македонија кој одлучува по вонредни правни средства во случаите кога тоа е уредено со овој закон.

Член 5

Одлуките на судовите донесени во управните спорови се задолжителни и извршни.

Член 6

Под орган во смисла на овој закон се подразбираат органите на државната управа, Владата на Република Македонија, други државни органи, управни организации, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, фондови,

установи, организации и заедници, здруженија и други организации и заедници кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи.

Член 7

Управен акт во смисла на овој закон е акт со кој органите од членот 6 на овој закон решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и актитена тие органи донесени во прекршочната постапка.

Член 7-а

Доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Член 7-б

Во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

## II. УПРАВЕН СПОР

Член 8

Управен спор може да се води против конечен управен акт донесен во втор степен (конечен управен акт).

Управен спор може да се поведе и против првостепен управен акт, кога не е предвидена правна заштита во управна постапка во втор степен.

Управен спор може да се поведе и кога надлежниот орган по барањето, односно по жалбата на странката не донел соодветен управен акт, под условите предвидени со овој закон.

Управниот спор може да се поведе и за повреда на одредбите од управните договори, согласно со одредбите од овој закон.

Член 9

Управен спор не може да се поведе:

1) против акти донесени во работи во кои судска заштита е обезбедена вон управниот спор и

2) за работи за кои врз основа на уставни овластувања директно одлучува Собранието и претседателот на Република Македонија, освен за одлуки за именување и разрешување.

Член 10

Управниот акт може да се побива:

- ако е донесен од ненадлежен орган,
- поради погрешна примена на материјалното право,
- поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката која му претходела на актот и
- кога во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката.

Член 11

Во управниот спор може да се бара и враќање на одземените предмети, како и надоместок на штетата што му е нанесена на тужителот со извршувањето на актот кој се оспорува согласно со закон.

Член 12

Тужена страна во управниот спор е органот чиј акт се оспорува.

Член 13

Ако на трето лице, на кое поништувањето на оспорениот управен акт непосредно би му било од штета, како заинтересирано лице во спорот има положба на странка.

Член 14

Тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена.

По барање на тужителот, кога извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, органот чиј акт се извршува може да го одложи извршување.

По секое барање, надлежниот орган е должен да донесе решение најдоцна во рок од три дена од приемот на барањето.

Органот од ставот 2 на овој член, може и од други причини да го одложи извршувањето на оспорениот акт до конечната судска одлука, ако тоа го дозволува јавниот интерес.

## III. ВРЕМЕНИ МЕРКИ

Член 15

Ако надлежниот орган што го донел управниот акт од членот 14 на овој закон пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт.

Тужителот може да бара донесување на времена мерка и за времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос ако тоа уредување, пред се, кај правните односи кои траат се покаже за потребно за да се избегнат потешки штетни последици или насилство што се заканува.

За донесување на времена мерка од претходните ставови, надлежен е судот што одлучува по тужбата.

Судот одлучува по предметот за донесување на времена мерка во рок од седум дена од приемот на барањето со решение кое треба да биде образложено. Судот може донесувањето на времената мерка да го поврзе со условот да се даде осигурување за штетата која евентуално би настанала за спротивната странка, заради нејзиното донесување.

Против решението од ставот 4 на овој член, странките можат во рок од три дена да поднесат жалба до Вишиот управен суд, кој е должен по жалбата да одлучи во рок од три дена од денот на нејзиниот прием.

## IV. НАДЛЕЖНОСТ И СОСТАВ

### 1. Стварна надлежност

Член 16

Управниот суд во управен спор одлучува во прв степен по тужба против управни акти.

Вишиот управен суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен.

Врховниот суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Вишиот управен суд.

Член 17

Управниот суд одлучува по тужби против управни акти донесени од фондови, јавните претпријатија, установи, организации и заедници, здруженија и други организации и заедници, кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи и склучуваат управни договори.

Управниот суд одлучува во прв степен и по тужби против решенијата на градоначалникот кога решава во управни работи и склучува управни договори.

### 2. Состав

Член 18

Бројот на судиите во Управниот суд и Вишиот управен суд се определува со одлука на Судскиот совет на Република Македонија.

Член 18-а

Во управен спор судот одлучува во совет.

Во управен спор одлучува судија поединец во случаи определени со овој закон.

Член 18-б

Во прв степен споровите ги суди совет или судија поединец.
Кога суди во прв степен советот е составен од тројца судии.

Член 18-в

Судија поединец суди во спорови поведени против актите донесени во прекршочна постапка од органите на членот 6 од овој закон со кои е изречена глоба која не го надминува износот од 5.000 евра во денарска противвредност и за кои не е пропишана посебна прекршочна мерка, одземање на предмети и не е предвидена забрана за вршење професија и дејност.

Член 18-г

Вишиот управен суд одлучува во совет од тројца судии.

## V. ПОСТАПКА

### 1. Постапка по тужба

Член 19

Управен спор се поведува со тужба.

Член 20

Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Рокот од ставот 1 на овој член важи и за органот овластен за поднесување тужба, ако му е доставен управниот акт. Ако актот не му е доставен, може да поднесе тужба во рок од 60 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката во чија корист е донесен актот.

Тужба против одлуката од членот 2 став 1 на овој закон освен за поединечните акти донесени во изборна постапка, се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на актот, а доколку актот не е доставен, тужба може да се поднесе во рок од 30 дена од денот на објавувањето на актот, односно на одлуката на Уставниот суд во "Службен весник на Република Македонија".

Поради неисполнување на обврските од управните договори, тужба се поднесува во рок од 30 дена од денот кога е утврдено неисполнување на обврската.

Член 21

Тужбата му се предава на Управниот суд непосредно, или му се испраќа по пошта. Денот на предавањето на тужбата препорачано по пошта, се смета како ден на предавање на Управниот суд.

Ако тужбата не му е предадена на Управниот суд, туку на друг орган, а пристигне до Управниот суд по истекот на рокот за поднесување на тужба, ќе се смета дека е поднесена навреме, ако нејзиното поднесување до тој орган може да му се припише на незнаење или на очигледна грешка на подносителот.

За лицата кои извршуваат воена обврска во Армијата на Република Македонија утврдена со закон, денот на предавањето на тужбата на воената единица, односно на воената установа или на штабот, се смета како ден на предавање на судот.

Ставот 3 од овој член се однесува и на воени и цивилни лица во служба во Армијата на Република Македонија, односно во воените установи или во штабовите на места во кои не постои редовна пошта.

Член 22

Ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата.

На начинот пропишан во ставот 1 на овој член може да постапи странката и кога по нејзиното барање не донел решение првостепениот орган против чиј акт нема место за жалба.

Ако првостепениот орган против чиј акт има место за жалба во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по барањето, странката има право со своето барање да се обрати до второстепениот орган. Против решението на второстепениот орган, странката може да поведе управен спор, а под условите од ставот 1 на овој член и ако овој орган не донел решение.

Член 23

Во тужбата мора да се наведе името и презимето и местото на домувањето на тужителот, односно називот и седиштето на правното лице определено во Централниот регистар, актот против кој е насочена тужбата, причините поради кои се тужи, како и во кој правец и обем се предлага поништување на управниот акт. Кон

тужбата мора да се поднесе актот во оригинал или во препис.

Ако со тужбата се бара враќање на предмет или надоместок на штета, мора да се стави и определено барање во поглед на предметот или висината на претрпената штета.

Кон тужбата се поднесува и по еден препис на тужбата и на прилозите за тужениот орган и за секое заинтересирано лице, ако има такви лица.

Член 24

Тужителот може да се откаже од тужбата сѝ до донесувањето на одлуката, во тој случај Управниот суд со решение ќе ја запре постапката.

Член 25

Ако тужбата е нецелосна или неразбирлива, претседателот на советот или судија поединец ќе го повика тужителот, по потреба и преку друг суд, во оставениот рок да ги отстрани недостатоците на тужбата. Притоа, ќе го поучи што и како треба да направи, ќе му укаже за потребата од полномошник и на последиците што ќе настанат ако не постапи по барањето на Управниот суд.

Ако тужителот во оставениот рок не ги отстрани недостатоците од тужбата, а тие се такви што ја спречуваат работата на Управниот суд, Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен ако не најде дека оспорениот управен акт е ништовен.

Член 26

Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека:

1) тужбата е поднесена ненавремено (член 20) или предвреме (член 22);

2) актот кој се оспорува со тужбата не е управен акт;

3) е очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во негов непосреден личен интерес заснован врз закон (член 3);

4) против управниот акт кој се оспорува со тужбата можело да се изјави жалба, а воопшто не е изјавена или не е навремено изјавена;

5) се работи за управен предмет за кој не може да се води управен спор и

6) веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа.

Од причините од ставот 1 на овој член, Управниот суд ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Член 27

Ако Управниот суд не ја отфрли тужбата врз основа на членот 25 став 2 или на членот 26 од овој закон, а најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, од таа причина со пресуда може да го поништи актот и без доставување на тужбата на одговор.

Член 28

Ако органот за време на судската постапка донесе друг акт со кој се менува или се става вон сила управниот акт против кого е поведен управен спор, како и кога во случајот од членот 22 на овој закон, дополнително ќе донесе управен акт, тој орган, покрај тужителот, едновремено ќе го извести и Управниот суд пред кој е поведен спорот. Управниот суд во тој случај ќе го повика тужителот во рок од 15 дена да изјави

дали со дополнително донесениот акт е задоволен или останува при тужбата и во кој обем, односно дали тужбата ја проширува и врз новиот акт.

Ако тужителот изјави дека со дополнително донесениот акт е задоволен или ако не даде изјава во рокот од ставот 1 на овој член, Управниот суд ќе донесе решение за запирање на постапката.

Ако тужителот изјави дека не е задоволен со новиот акт, Управниот суд ќе ја продолжи постапката.

Ако за време на судската постапка првостепениот орган во случаите од членот 22 на овој закон донел управен акт, Управниот суд ќе ја запре постапката со решение.

Член 29

Ако тужбата не ја отфрли веднаш со решение според членот 25 став 2 или според членот 26 од овој закон, ниту го поништи актот според членот 27 од овој закон, Управниот суд по еден препис од тужбата со прилозите, ќе достави на одговор до тужената странка и до заинтересираните лица ако ги има.

Одговор се дава во рокот што ќе го определи Управниот суд во секој одделен случај. Овој рок не може да биде пократок од осум, ниту подолг од 30 дена.

Во оставениот рок тужената странка е должна да ги испрати до Управниот суд сите списи што се однесуваат на предметот. Ако тужената странка и по второто барање не ги достави списите на предметот, или ако изјави дека не може да ги достави, Управниот суд може да ја реши работата и без списите.

Член 30

За управните спорови Управниот суд одлучува по правило на нејавна седница. За управните спорови судот одлучува:

- за законитост на актите и
- за самата управна работа.

Член 30-а

Во спор за законитост на актите на органите од членот 1 на овој закон, за работите од членот 26 на овој закон Управниот суд одлучува со решение без расправа.

Судот ќе одржи јавна усна расправа и со пресуда ќе одлучи за самата управна работа, ако:

- сложеноста на предметот во управниот спор тоа го налага,
- тоа е неопходно заради подобро разјаснување на управната работа или утврдување на фактичката состојба,
- судот изведува докази и
- во случаите утврдени во членовите 22 и 36 став 3 и 40 од овој закон.

Член 31

На странката ќе и се дозволи во работите за кои се бара стручно познавање за прашањата во врска со предметот на управниот спор во управно-судската постапка да доведе стручно лице кое ќе дава совети (стручен помагач). Ова лице не ја застапува странката.

Странката не може да доведе како стручен помагач во управно-судската постапка лице кое не е деловно способно или кое се занимава со надриписарство.

Из

Се брише.

Член 33

Со расправата раководи претседателот на советот.

За расправата се води записник во кој се внесуваат само суштествените факти и околности, како и диспозитивот на одлуката. Записникот го потпишува претседателот на советот и записничарот.

Член 34

Изостанокот на странката од усната расправа не ја задржува работата на судот. Поради изостанокот на странките, не може да се земе дека тие се откажале од своите барања, туку нивните поднесоци ќе се прочитаат.

Ако на расправата не дојде ниту тужителот ниту тужената страна, а расправата не се одложи, судот ќе го расправи спорот и без присуство на странките.

Член 35

На расправата прво добива збор членот на советот што е известител кој ја изложува состојбата и суштината на спорот, недавајќи свое мислење. Потоа му се дава збор на тужителот да ја образложи тужбата, па на застапникот на тужената страна и на заинтересираните лица да ги образложат своите правни интереси.

Член 36

Судот одлучува за спорот, по правило, врз основа на фактите што се утврдени во управната постапка, или врз основа на фактите што сам ќе ги утврди.

Ако судот најде дека спорот не може да се расправа врз основа на фактите утврдени во управната постапка, поради тоа што во однос на утврдените факти постои противречност во списите, ако тие во суштествени точки се нецелосно утврдени, ако од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во однос на фактичката состојба, или ако најде дека во управната постапка не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на работата, судот ќе го поништи оспорениот управен акт со пресуда. Во таков случај, надлежниот орган е должен да постапи онака како што е определено во пресудата и да донесе нов управен акт.

Ако поништувањето на оспорениот управен акт според ставот 2 на овој член и повторното водење на постапката пред надлежниот орган би предизвикало за тужителот штета која тешко би можела да се надомести, или ако врз основа на јавни исправи или други докази во списите на предметот е очигледно дека фактичката состојба е поинаква од онаа што е утврдена во управната постапка, или ако во истиот спор веќе еднаш е поништен управниот акт, а надлежниот орган не постапил во целост по пресудата, судот ќе ја утврди фактичката состојба и врз основа на така утврдената фактичка состојба ќе донесе пресуда.

Во случајот од ставот 3 на овој член, судот ја утврдува фактичката состојба на расправа преку еден член на советот, преку друг редовен суд или преку друг орган. На расправата се повикува и странката.

Член 37

Законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

На ништовноста на управниот акт судот внимава по службена должност.

Член 38

Судот донесува пресуда, односно решение со мнозинство на гласови, кога решава во совет.

За советувањето и за гласањето се води посебен записник што го потпишуваат сите членови на советот и записничарот.

Советувањето и гласањето се врши без присуство на странките.

Член 39

Против одлуката на Управниот суд е дозволена жалба.

Член 39-а

Со пресуда судот тужбата ја уважува како основана или ја одбива како неоснована. Ако тужбата се уважува судот го поништува оспорениот управен акт.

Судот со решение одлучува и за времените мерки од членот 15 на овој закон.

Член 40

Кога судот ќе најде дека оспорениот управен акт треба да се поништи, може, ако природата на работата тоа го дозволува и ако податоците на постапката даваат сигурна основа за тоа, со пресуда да ја реши управната работа. Судот задолжително ќе постапи така:

- ако станува збор за погрешна примена на правото (погрешно утврдено правно прашање);
- ако станува збор за спорови од управни договори;
- ако станува збор за акти донесени во прекршочната постапка од страна на органите наведени во членот 1 од овој закон;
- ако дојде до оддолжување на постапката, а се работи за предмет во кој фактичката состојба е утврдена во управно-судската постапка;
- ако претходно со пресуда го поништил управниот акт, а органот не постапил по насоките и ставовите на судот изнесени во пресудата;
- ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт донесе управен акт спротивно на правното мислење на судот, или спротивно на забелешките од судот во однос на постапката, па тужителот поднесе нова тужба и
- во случаите утврдени во членот 22 од овој закон.

Таквата пресуда во сй го заменува актот на надлежниот орган.

Во случаите од ставот 1 алинеи 4 и 5 на овој член судот го известува органот што врши надзор над работата на органот што го донел актот кој е предмет на управен спор. Органот што врши надзор должен е да го суспендира овластеното службено лице кое не ја почитувало одлуката на судот и покренува постапка за негова одговорност.

Со пресудата со која се поништува оспорениот управен акт судот ќе одлучи и за барањето на тужителот за враќање на предметот. Во однос на надоместок на штета, судот ќе го упати тужителот своето барање да го остварува во парнична постапка.

Кога тужбата е поднесена врз основа на членот 22 од овој закон, а судот најде дека е таа оправдана, со пресуда ќе ја уважи тужбата и ќе определи во која смисла надлежниот орган ќе донесе решение.

Член 41

Судот по завршената расправа ја донесува и усно ја објавува пресудата.

Во сложените предмети судот може да го одложи усното објавување на

пресудата, најдоцна во рок од три дена од денот на завршување на расправата. Објавената пресуда судот е должен да ја изработи во рок од осум дена, а во сложените предмети во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Ако по завршената усна расправа не може да се донесе пресуда, поради тоа што претходно треба да се утврди таков факт за чие расправање не е потребна нова усна расправа, судот ќе донесе пресуда, без расправа и тоа најдоцна во рок од осум дена откако тој факт ќе биде утврден.

Член 42

Пресудата, односно решението содржи назив на судот, име и презиме на претседателот на советот и на членовите на советот и записничарот, имињата и презимињата на странките и нивните застапници, кратко излагање на предметот на спорот и денот кога пресудата, односно решението се изречени и објавени, диспозитив, образложение и поука за жалба. Диспозитивот мора да биде одвоен од образложението.

Оригиналната пресуда, односно решение го потпишуваат претседателот на советот и записничарот.

Пресудата, односно решението им се издава на странките во заверен препис.

Жалба

Член 42-а

Против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд.

Против одлука на Управниот суд, органот чиј акт бил предмет на управниот спор може да поднесе жалба преку Државниот правобранител на Република Македонија.

Вишиот управен суд одлучува по жалба во совет од тројца судии.

Член 42-б

Во жалбата не можат да се истакнуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази освен ако се однесуваат на суштествени повреди на одредбите од постапката пред судот поради кои може да се изјави жалба.

Член 42-в

Против одлуката на судот може да се изјави жалба поради:

- суштествени повреди на одредбите на постапката,
- поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и
- поради погрешна примена на материјалното право.

Член 42-г

Суштествена повреда на одредбите на постапката постои, ако судот во текот на постапката не применил или неправилно применил одредба од овој или друг закон, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна одлука.

Суштествена повреда на одредбите од постапката секогаш постои, ако:

1) судот бил непрописно составен;

2) во донесувањето на одлуката учествувал судија кој според законот мора да се изземе, односно кој со решение на судот бил изземен;

3) е одлучено за барање во спор што не спаѓа во управно судска надлежност;

4) спротивно на одредбите од овој закон судот ја засновал својата одлука врз

недозволени располагања на странките;

5) на странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставување не и е дадена можност да расправа пред судот;

6) спротивно на одредбите од овој закон судот го одбил барањето на странката во постапката да и обезбеди толкувач, а странката поради тоа се жали;

7) судот донел одлука без јавна усна расправа, а бил должен да ја одржи согласно со членот 30-а став 2 од овој закон;

8) во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката, или ако странката што е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако процесно неспособна странка не ја застапувал законски застапник, или ако законскиот застапник, односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, доколку водењето на остапката, односно вршењето на одделни дејствија во постапката не било дополнително одобрено;

9) е одлучено за барање за кое веќе тече спор, или за кое веќе порано правосилно е одлучено, или за кое веќе е склучено судско порамнување;

10) спротивно на законот била исклучена јавноста на усната расправа;

11) одлуката има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на одлуката е неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за одлуката,
или ако одлуката воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни, или ако за решителните факти постои противречност меѓу она што во причините на одлуката се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот и

12) судот ги повредил одредбите за употреба на јазикот во постапката.

Ако странката која е правно лице не била застапувана од овластено лице или поради тоа што процесно неспособната странка не ја застапувал нејзиниот законски застапник, или поради тоа што законскиот застапник, односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, жалба може да изјави само странката на која се однесуваат тие недостатоци.

Член 42-д

Погрешно утврдена фактичка состојба постои кога судот некој решителен факт погрешно го утврдил, односно кога не го утврдил.

Нецелосно утврдена фактичка состојба постои кога на тоа укажуваат фактите или доказите кои странката без успех ги предложила во текот на постапката.

Член 42-ѓ

Погрешна примена на материјалното право постои кога судот не ја применил одредбата на материјалното право што требало да ја примени или кога таквата одредба не ја применил правилно.

Член 42-е

Вишиот управен суд по жалба по правило одлучува без расправа.

Кога советот на Вишиот управен суд ќе најде дека заради правилно утврдување на фактичката состојба е потребно да се повторат веќе изведените докази, ќе закаже расправа.

Кога на седница на советот ќе се утврди дека пресудата против која е изјавена жалба се заснова на суштествена повреда на одредбите на овој или на друг закон или на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, а пресудата веќе еднаш била

укината, Вишиот управен суд ќе закаже расправа и мериторно ќе одлучи.

## VI. ПРАВНИ СРЕДСТВА

### Повторување на постапката

Член 43

Постапката окончана со пресуда или со решение ќе се повтори на барање на странката:

1) ако странката дознае за нови факти, или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои спорот би бил поповолно решен за неа, доколку тие факти, односно докази би биле изнесени или употребени во поранешната постапка;

2) ако до одлука на судот дошло поради кривично дело на судија или службеник во судот, или одлуката е издејствувана со измама од страна на застапникот или полномошникот на странката, на неговиот противник или на неговиот застапник или полномошник, а таквото дејствие претставува кривично дело;

3) ако одлуката е заснована врз пресуда донесена во кривична или граѓанска работа, а таа пресуда подоцна е укината со друга правосилна судска одлука;

4) ако исправата врз која се заснова одлуката е лажна или лажно преиначена, или ако сведокот, вештакот или странката при сослушувањето пред судот дал лажен исказ, а одлуката на судот се заснова врз тој исказ;

5) ако странката најде или стекне можност да ја употреби поранешната одлука донесена во истиот управен спор;

6) ако на заинтересираното лице не му била дадена можност да учествува во управниот спор и

7) по одлука на Европскиот суд за човекови права.

Поради околностите од ставот 1 точки 1 и 5 на овој член, повторување ќе се дозволи само ако странката без своја вина не била во состојба да ги изнесе тие околности во поранешната постапка.

Член 44

Повторување на постапката може да се бара најдоцна во рок од 30 дена од денот кога странката дознала за причината за повторување. Ако странката дознала за причината за повторувањето пред да биде окончана постапката во судот, но таа причина не можела да ја употреби во текот на постапката, повторување може да се бара во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката.

По истекот на пет години од правосилноста на одлуката, повторување не може да се бара.

Член 45

По тужбата за повторување на постапката одлучува судот што ја донел одлуката на која се однесува причината за повторување.

Судот пред кој е завршена постапката одлучува за повторување на постапката во совет составен од петмина судии.

Член 46

Тужбата за повторување на постапката се поднесува до судот што е надлежен за одлучување (член 45).

Во тужбата мора да се наведе особено:

1) пресудата или решението донесено во постапката чие повторување се бара;

2) законскиот основ за повторување (член 43) и доказите, односно околностите што го прават веројатно постоењето на тој основ;

3) околностите од кои произлегува дека тужбата е поднесена во законскиот рок и со што се докажува тоа и

4) во кој правец и во кој обем се предлага измена на пресудата, односно на решението донесено во постапката чие повторување се бара.

Член 47

За тужбата за повторување на постапката судот одлучува на нејавна седница.

Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, ако утврди дека тужбата ја поднело неовластено лице, или дека тужбата не е навремена или дека странката не го направила веројатно постоењето на законскиот основ за повторување.

Ако судот не ја отфрли тужбата според ставот 2 на овој член, ќе ја достави до спротивната странка и до заинтересираните лица и ќе ги повика во рок од 15 дена да одговорат на тужбата.

Член 48

По истекот на рокот за одговор на тужбата (член 47 став 3), судот со пресуда одлучува за тужбата за повторување на постапката.

Ако се дозволи повторување, ќе се стави вон сила поранешната одлука во целост или делумно.

Поранешните процесни дејствија врз кои не влијаат причините за повторување нема да се повторуваат.

Со пресуда со која се дозволува повторување ќе се реши и за главната работа.

Член 49

Против одлуката на судот донесена по тужбата за повторување на постапката, Јавниот обвинител на Република Македонија може да поднесе барање за заштита на законитоста.

Врховниот суд на Република Македонија по барање за заштита на законитоста одлучува на општа седница.

Член 50

Во постапката за повторување се применуваат одредбите од овој закон за постапката по тужба и за правните средства, доколку од членовите 43 до 49 на овој закон поинаку не е определено.

Член 51

Се брише.

VII. ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА ОДЛУКИТЕ

Член 52

Кога судот ќе поништи акт против кој бил поведен управен спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да е донесен поништениот акт. Ако според природата на работата што била предмет на спорот, место поништениот управен акт треба да се донесе друг, надлежниот орган е должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на пресудата. Надлежниот орган притоа е врзан со правното мислење на судот, како и со забелешките на судот во однос на постапката.

Член 53

Ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт не донесе веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена нов управен акт, или акт за извршување на одлуката донесена врз основа на членот 40 став 5 од овој закон, странката може со посебен поднесок да бара донесување на таков акт. Ако надлежниот орган не донесе акт ни за седум дена од ова барање, странката може да бара донесување на таков акт од судот што ја донел пресудата.

По барањето од ставот 1 на овој член, судот ќе побара од надлежниот орган известување за причините поради кои не го донел управниот акт. Надлежниот орган е должен да го даде ова известување веднаш, а најдоцна во рок од седум дена. Ако тој не го изврши тоа или ако даденото известување според мислењето на судот не го оправдува неизвршувањето на судската одлука, судот ќе донесе одлука што во се го заменува актот на надлежниот орган, ако природата на работата тоа го дозволува. Судот ова одлука ќе го достави до органот надлежен за извршување и за тоа истовремено ќе го извести органот што врши надзор. Органот надлежен за извршување е должен без одлагање да го изврши ваквото одлука.

Член 54

Кога во управен спор е донесена пресуда, а надлежниот орган донел управен акт за извршување на таа пресуда, па кај надлежниот орган се бара обнова на управната постапка по тој управен акт, обнова може да се дозволи ако причината за обнова настанала кај органот што го донел актот.

## VIII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 55

За барањето за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот, ако таква слобода и право е повредено со конечен поединечен акт, а не е обезбедена друга судска заштита, одлучува судот надлежен за управните спорови, во согласност со овој закон.

Член 56

Ако слободите и правата загарантирани со Уставот се повредени со дејствие на службено лице во орган на државната управа, односно на одговорно лице во претпријатие, установа или во друга организација или заедница, со кое спротивно на закон непосредно му се спречува или ограничува на поединец, организација или заедница, остварување на слобода или право, заштитата се обезбедува во постапката утврдена во членовите од 57 до 64 на овој закон, доколку не е обезбедена друга судска заштита.

Член 57

Во предлогот за заштита поради незаконско дејствие ќе се наведе дејствието, местото и времето кога е сторено, органот, организацијата, односно заедницата или службеното лице кое го сторило тоа, докази за тоа, како и барање да се отстрани пречката или ограничувањето за вршење на правата или обврските.

Член 58

Предлог може да се поднесе додека трае дејствието.

Ако лицето спрема кое е преземено дејствие не е во можност самото да поднесе

предлог за заштита поради незаконско дејствие, предлог може да поднесе и неговиот брачен другар, децата, родителот или неговиот законски застапник или полномошник.

Член 59

По предлогот за заштита поради незаконско дејствие одлучува Управниот суд. Судот одлучува во совет составен од тројца судии.

Член 60

Управниот суд постапува по предлогот итно и на начин со кој, почитувајќи ги основните начела на постапката, се обезбедува ефикасна заштита на правата и интересите на граѓаните и организациите, односно на заедниците.

Член 61

Судот без одлагање предлогот ќе го достави на одговор до органот односно одговорното лице во зависност од тоа кој го извршил дејствието. Одговорот на предлогот се доставува во рокот што ќе го определи судот.

Судот може, според околностите на случајот, по предлогот да донесе одлука веднаш и без претходно доставување на предлогот на одговор, ако податоците во предлогот даваат за тоа сигурна основа.

Член 62

Кога судот ќе најде дека предлогот е основан, ќе донесе решение со кое ќе го забрани натамошното вршење на дејствието. Во спротивно, ќе го одбие предлогот.

Судот со решение истовремено ќе определи што е потребно за да се воспостави законската состојба, оставајќи рок за извршување и ќе определи санкции во случај на неизвршување на решението.

Член 63

Против решението од членот 62 на овој закон, е дозволена посебна жалба до Врховниот суд на Република Македонија, која се поднесува во рок од три дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението, но судот може на предлог да го одложи извршувањето ако според околностите на случајот најде дека тоа е потребно.

Член 64

Заради обезбедување и извршување на решението судот, според околностите на конкретниот случај, веднаш ќе преземе што е потребно, а може за решението да го извести функционерот на органот што врши надзор, јавниот обвинител и други органи, за да можат и тие да преземаат мерки утврдени од судот.

Член 65

Ако решението не биде извршено во оставениот рок, судот ќе го изврши решението непосредно или преку друг суд или орган.

Извршувањето, според околностите на случајот, се спроведува на трошок на органот, организацијата или заедницата, односно на трошок на одговорното лице кое го извршило дејствието.

Заради извршување на решението, судот може да достави до надлежниот орган барање за отстранување од должноста на одговорното лице, а по потреба може против

одговорното лице, ако тоа во определен рок не го изврши решението, да изрече парична казна до 10.000 денари, како и да определи и други мерки во согласност со правилата на извршната постапка.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 66

Постапката по тужбите за покренување на управен спор поднесени до Врховниот суд до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се спроведе на следниов начин:

- управните предмети кои до денот на влегувањето во сила на овој закон пред Врховниот суд не се решени ги презема Управниот суд.

Врховниот суд управните предмети кој ги примил по вонредни правни средства должен е да ги реши во разумен рок.

Упатство за начинот на преземањето на предметите од Врховниот суд на Република Македонија донесува министерот за правда најдоцна во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 67

Против одлука во управен спор донесена до денот на влегувањето во сила на овој закон, може да се изјави жалба според досегашните прописи, ако според тие прописи жалбата била предвидена.

Против правосилна одлука во управен спор донесена до денот на влегувањето во сила на овој закон, може да се изјават вонредни правни средства според прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон.

### Член 68

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон, престанува да се применува и да важи Законот за управните спорови ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77 и 36/77 и "Службен весник на Република Македонија" број 44/2002).

### Член 69

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува по една година од денот на неговото влегување во сила.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 43

Постапките по тужбите за покренување на управен спор поднесени до Управниот суд до денот на отпочнување на примената на овој закон ќе се спроведат согласно со одредбите од овој закон.

### Член 44

Против одлука во управен спор донесена до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, може да се изјави жалба според прописите што важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, ако според тие прописи жалбата е предвидена.

Против правосилна одлука во управен спор донесена до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, може да се изјават вонредни правни средства според

прописите што важеле до отпочнувањето со примената на овој закон.

Член 45

Вишиот управен суд ќе се конституира и ќе започне со работа најдоцна до 30 јуни 2011 година.

Член 46

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по конституирањето и започнувањето со работа на Вишиот управен суд.